# МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 110-а став 5 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија” бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), министерот за образование и наука во согласност со министерот за труд и социјална политика донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА НАЧИНОТ НА ПРОВЕРКА НА ОСНОВНИТЕ КРИТЕРИУМИ И ЗАПИШУВАЊЕ ВО КВОТИ НА СТУДЕНТИТЕ ЧИЕ РОДИТЕЛСКО ПРАВО ГО ВРШИ САМО ЕДЕН РОДИТЕЛ, КАКО И ПОСЕБНИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ОВА ПРАВО

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува начинот на проверката на основните критериуми и запишување во квоти на студентите чие родителско право го врши само еден родител, како и посебните критериуми за остварување на правото на плаќање на половина од износот на уписнина во рамки на државните квоти, односно во рамките на квотите со кофинансирање на студиите.

**Член 2**

Проверката на основните критериуми за запишување на студентите на кои родителско право го врши само еден родител (натамошниот текст: кандидатот), се состои од проверка на:

- постигнатиот успех за завршено четиригодишно средно образование, издаден од средното училиште во кое учел кандидатот и
- материјалните можности на кандидатот и/или неговото семејство.

**Член 3**

Запишувањето на студентот од член 1 од овој правилник се врши на следниот начин:

- кандидатот добива најмногу до 100 бода, при што од вкупниот број бодови најмногу до 40 бода се добиваат за постигнатиот успех во средното образование, а за материјалните можности на лицето и/или неговото семејство се добиваат до 60 бода.

По основ на успехот во учењето, бодовите се добиваат согласно формула во конкурсот за запишување на студентите чие родителско право го врши само еден родител.

По основ на материјалните можности на кандидатот и/или неговото семејство бодовите се добиваат на следниот начин:

| Семејно-материјална положба на лицето | Бодови |
|---|---|
| до 35% | 60 |

| Семејно-материјална положба на лицето | Бодови |
| --- | --- |
| од 35% до 45% | 50 |
| од 45% до 55% | 40 |
| од 55% до 65% | 30 |
| од 65% до 75% | 20 |
| Над 75% | 0 |

За материјалните можности на кандидатот и на неговото семејство, се земаат вкупните месечни примања по член на семејство на кандидатот (месечните нето плати и годишните приходи по разни основи прикажани во образецот од Управата за јавни приходи - земјоделска дејност, стопанска дејност, авторски права, издавање на простор и други приходи) во однос на просечно исплатената месечна нето плата по вработен во Република Македонија за последните три месеци утврдена од Државниот завод за статистика. По основ на материјалните можности може да се добие најмногу 60 бодови.

Вкупните месечни примања по член на семејство на кандидатот (месечните нето плати и годишните приходи по разни основи прикажани во образецот од Управата за јавни приходи - земјоделска дејност, стопанска дејност, авторски права, издавање на простор и други приходи) не се поголеми од просечна исплатената месечна нето плата по вработен во Република Македонија за последните три месеци утврдена од Државниот завод за статистика. Ако месечните примања на семејството по член се помали или еднакви со 35% од просечно исплатена месечна нето плата во Република Македонија кандидатот го добива максималниот број на бодови, ако месечните примања на семејството по член се поголеми од 35%, а се помали или еднакви со 45% од просечно исплатена месечна нето плата во Република Македонија кандидатот добива 50 бодови, ако месечните примања на семејството по член се поголеми од 45% а се помали или еднакви со 55% од просечно исплатена месечна нето плата во Република Македонија кандидатот добива 40 бодови, ако месечните примања на семејството по член се поголеми од 55%, а се помали или еднакви со 65% од просечно исплатена месечна нето плата во Република Македонија кандидатот добива 30 бодови, ако месечните примања на семејството по член се поголеми од 65% а се помали или еднакви со 75% од просечно исплатена месечна нето плата во Република Македонија кандидатот добива 20 бода, а за месечните примања на семејството по член се повисоки од 75% од просечно исплатена месечна нето плата во Република Македонија не се добиваат бодови.

Бодовите по основ на материјалните можности на кандидатот и/или неговото семејство се пресметуваат според формулата:

Максимални 60 бодови =
{[(Последна исплатена плата од родителот + Последна исплатена плата од други членови на семејството) / Вкупен број на членови на семејството] + [Приходи од вршење стопанска и професионална дејност / (12 месеци * Вкупен број на членови во семејство)] + [Приходи од вршење земјоделска дејност / (12 месеци * Вкупен број на членови во семејството)] + [Приходи од имот и имотни права / (12 месеци * Вкупен број на членови во семејството)] + [Останати приходи / (12 месеци * Вкупен број на членови во семејството)]} ≤ 35% од просечно исплатената месечна нето плата по вработен во Република Македонија за последните три месеци утврдена од Државниот завод за статистика

Максимални 50 бодови =
{[(Последна исплатена плата од родителот + Последна исплатена плата од други членови на семејството) / Вкупен број на членови на семејството] + [Приходи од вршење стопанска и професионална дејност / (12 месеци * Вкупен број на членови во семејство)] + [Приходи од вршење земјоделска дејност / (12 месеци * Вкупен број на членови во семејството) ] + [Приходи од имот и имотни права / (12 месеци * Вкупен број на членови во семејството)] + [Останати приходи / (12 месеци * Вкупен број на членови во семејството)]}, > 35%, а ≤ од 45% од просечно исплатената месечна нето плата по вработен во Република Македонија за последните три месеци утврдена од Државниот завод за статистика

Максимални 40 бодови =
{[(Последна исплатена плата од родителот + Последна исплатена плата од други членови на семејството) / Вкупен број на членови на семејството] + [Приходи од вршење стопанска и професионална дејност / (12 месеци * Вкупен број на членови во семејство)] + [Приходи од вршење земјоделска дејност / (12 месеци * Вкупен број на членови во семејството)] + [Приходи од имот и имотни права / (12 месеци * Вкупен број на членови во семејството)] + [Останати приходи / (12 месеци * Вкупен број на членови во семејството)]}, > од 45%, а ≤ од 55% од просечно исплатената месечна нето плата по вработен во Република Македонија за последните три месеци утврдена од Државниот завод за статистика

Максимални 30 бодови =
{[(Последна исплатена плата од родителот + Последна исплатена плата од други членови на семејството) / Вкупен број на членови на семејството] + [Приходи од вршење стопанска и професионална дејност / (12 месеци * Вкупен број на членови во семејство)] + [Приходи од вршење земјоделска дејност / (12 месеци * Вкупен број на членови во семејството)] + [Приходи од имот и имотни права / (12 месеци * Вкупен број на членови во семејството) ] + [Останати приходи / (12 месеци * Вкупен број на членови во семејството)]}, > од 55%, а ≤ од 65% од просечно исплатената месечна нето плата по вработен во Република Македонија за последните три месеци утврдена од Државниот завод за статистика

Максимални 20 бодови =
{[(Последна исплатена плата од родителот + Последна исплатена плата од други членови на семејството) / Вкупен број на членови на семејството] + [Приходи од вршење стопанска и професионална дејност / (12 месеци * Вкупен број на членови во семејство)] + [Приходи од вршење земјоделска дејност / (12 месеци * Вкупен број на членови во семејството)] + [Приходи од имот и имотни права / (12 месеци * Вкупен број на членови во семејството)] + [Останати приходи / (12 месеци * Вкупен број на членови во семејството)]}, > од 65%, а ≤ од 75% од просечно исплатената месечна нето плата по вработен во Република Македонија за последните три месеци утврдена од Државниот завод за статистика

Максимални 0 бодови =
{[(Последна исплатена плата од родителот + Последна исплатена плата од други членови на семејството) / Вкупен број на членови на семејството] + [Приходи од вршење стопанска и професионална дејност / (12 месеци * Вкупен број на членови во семејство)] + [Приходи од вршење земјоделска дејност / (12 месеци * Вкупен број на членови во семејството)] + [Приходи од имот и имотни права / (12 месеци * Вкупен број на членови во семејството)] + [Останати приходи / (12 месеци * Вкупен број на членови во семејството)]}, > 75% од просечно исплатената месечна нето плата по вработен во Република Македонија за последните три месеци утврдена од Државниот завод за статистика.

**Член 4**

За материјалните можности кандидатот доставува:

- потврди за остварена плата на вработените членови на семејството за месец јуни од тековната година или доколку за овој месец не е исплатена плата, да се достави потврда за последната исплатена плата,
- за корисници на социјална помош се доставува последно решение/потврда од центарот за социјални работи,
- за пензионираните членови на семејството се доставува документ за висина на пензија и
- пресуда од надлежен суд со утврдена законска издршка за кандидат и истата се смета како месечен приход.

**Член 5**

За посебните критериуми кандидатот доставува:

- уверение за државјанство на Република Македонија,
- извод од матичната книга на родените за кандидатот,
- за родител на кој му е одземено родителското право - решение од надлежен суд и/или
- за починат родител - извод од матичната книга на умрените.

**Член 6**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе се објави по добиена согласност од Владата на Република Македонија.

Бр. 02-2764/1
5 мај 2017 година
Скопје
Министер за труд и
социјална политика,
**Ибрахим Ибрахими,** с.р.

Бр. 20-5946/1
4 мај 2017 година
Скопје
Министер за образование
и наука,
**Пиштар Лутфиу,** с.р.